Универзитет „Свети Кирил и Методиј“
МАШИНСКИ ФАКУЛТЕТ – Скопје

## УНИДО ЦЕНТАР ЗА ПОЧИСТО ПРОИЗВОДСТВО

Во рамките на активностите на УНИДО Центарот за почисто производство со седиште на Машинскиот факултет, во текот на ноември и декември 2007 беа реализирани два циклуси од тренинг програма за национални експерти и претпријатија во РМ. Тренингот се реализираше од страна на предавачи, експерти во областа на почисто производство од Македонија и Словенија.

## ИЗЛАГАЊЕ НА КОНФЕРЕНЦИЈА ПО ПОКАНА

На Конференцијата АМТЕCH'07 одржана во Декември 2007 во Габрово, Бугарија, Асс.м-р Христијан Мицкоски беше поканет да одржи уводно излагање на тема: "Simulation of SCARA manipulator movement, position and orientation error".

## ПРЕТПРИЕМАЧ НА ГОДИНАТА

На 21 декември 2007 година се одржа манифестацијата „Претприемач на годината”. Во организацијата на настанот и изборот на најдобри претпиемачи во државата од два сектори: микро и мали претпријатија, помеѓу другите институции учествуваше и Центарот за нови бизниси на УКИМ.

## КОНКУРСИ

Во рамки на CEEPUS програмата (Central European Exchange Program for University Studies) распишан е конкурс за аплицирање за нови проекти во учебната 2008/2009 година. Конкурсот е отворен до 15 Јануари 2008. Повеќе информации на www.ceepus.info.

Во рамките на АСО програмата распишан е конкурс за аплицирање за нови проекти за 2008 година. Краен рок е 1 Февруари 2008.

Повеќе информации на www.aso.at.

## ИНФОРМАЦИЈА ОД ИНСТИТУТОТ ЗА АКРЕДИТАЦИЈА НА РМ

Институтот за акредитација на РМ објави повик за пријавување на експерти кои што ќе учествуваат во процесите на акредитација. Апликацијата е достапна на web страната на ИАРМ www.iarm.gov.mk.

ИАРМ објави намалување за 50% на надоместоците за спроведување на системот за акредитирање. Подетални информации на web страната на ИАРМ.

## НАГРАДА ЕДУКАЦИЈА ЗА МИР

УНЕСКО распиша конкурс за меѓународна награда “Едукација за мир” за 2008 година, која во 2008 ќе се доделува по 25-ти пат. Номинациите за оваа награда потребно е да се доставаат до 10 јануари 2008 година во Министерство за образование и наука на РМ.

## РЕЦЕНЗИИ ЗА ИЗДАВАЧКАТА КУЌА "ELSEVIER"

Проф. д-р Ристо Цицонков е номиниран за рецензент на меѓународните списанија "Energy and Buildings" и "International Journal of Refrigeration" што ги публикува престижната издавачка куќа "Elsevier" позната во светот по своите изданија во науката и техниката.

Оваа активност придонесува за меѓународна афирмација како на проф. Цицонков така и на Машинскиот факултет - Скопје.

## СТУДЕНТСКО РАДИО

На 11 Декември 2007 започна со работа Студентското радио на Универзитетот “Св Кирил и Методиј“, на фреквенција 92,9 Hz.

Целта на постоењето на студентското радио е информирање од различни аспекти на студирањето, студентскиот живот, образовни содржини, култура и спорт.

## КРВОДАРИТЕЛСКА АКЦИЈА

Во декември 2008 на Машински факултет се оддржа крводарителска акција на која 85 студенти и двајца вработени даруваа крв.

## ИЗЛОЖБА

Во соработка со Одделот за едукација при Музејот на современа уметност во Скопје, а во рамките на проектот под наслов "Нови форми за стари содржини", студентите од насоката ИНДУСТРИСКИ ДИЗАЈН при Машинскиот факултет во Скопје изработија повеќе цртежи, 3D модели и постери на неколку теми. Овие дела се експонати на истоимената изложба во Музејот на современа уметност во Скопје, која е поставена во периодот од 24.12.2007 до 15.01.2008 г.



## ИАЕСТЕ ЈУБИЛЕЈ

Огранокот на меѓународната организација за размена на студенти од техничките факултети во нашата држава прослави 40 години ИАЕСТЕ во Македонија и 15 години ИАЕСТЕ Македонија. На манифестацијата одржана по тој повод, на Машинскиот факултет му беше доделена благодарница за долгогодишна успешна соработка.

## О Т С У С Т В А

1. Доц. д-р  Димитри Козинаков во Германија, учество на семинар.
2. Проф. д-р Делчо Јованоски и проф. д-р Роберт Миновски во Австрија, учество на работен состанок на Техничкиот универ-зитет во Виена
3. Проф. д-р Ристо Цицонков во Србија, учество на Меѓународен конгрес
4. Вон. проф. д-р Атанас Кочов во Австрија и Босна и Херцеговина, учество на меѓународна конференција и студиски престој на Универзитетот во Сараево.
5. Доц. д-р Глигорче Вртаноски во Унгарија, на координативен состанок од WIPO Светска организација за интелек-туална сопственост.

## КАЛЕНДАР И ПОТСЕТНИК

**28.12.2007**
**петок, 13 часот, Сала за состаноци**
**СВЕЧЕН КОКТЕЛ**
**НОВОГОДИШНИ И БОЖИЌНИ ПРАЗНИЦИ**

**01.01.2008**
**НЕРАБОТЕН ДЕН ПО ПОВОД НОВА ГОДИНА**

**07.01.2008**
**НЕРАБОТЕН ДЕН ПО ПОВОД БОЖИК**

**31.01.2008**
**36 СЕДНИЦА НА  ННС**

**Техничко уредување:**

*Жарко Васиљевиќ, дипл. ел. инж.*
*Борис Рошков, дипл. ел. инж.*

**Година 2007, декември, број 66**

# Ф А К У Л Т Е Т С К И
# И Н Ф О Р М А Т О Р

## ШЕСТ ГОДИНИ ИНФОРМАТОР

...Месецов што помина беше исполнет со активности. Студентите подготвија изложба, ИАЕСТЕ прослави јубилеј, повторно се отвори студентското радио, се работи со студентите, редовните проверки на знаењето се во тек, имавме акција за крводарителство...

Ни престојат новогодишните и божиќните празници кои само може да помогнат во освежувањето и обновувањето на силите со кои ќе ги постигнеме зацртаните цели и задачи.

***Среќни празници !***

